Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за економија**
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

**Архивски број:** 14-3940/2
Скопје, 06-09-2022 2022 година
**ДО:**

**Емаил:**

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 29.08.2022 година преку меил во Министерството за економија пристигна барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш архивски број 14-3940/1 во кое се бараат следните информации од јавен карактер:

1. Доставете ни го интерниот акт за постапка за движење на документацијата, овластувањето на службениците и издавањето, односно одземањето на дозволата за детални геолошки истражувања, дозволата за експлоатација на минерални суровини и дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект.

   - **Во прилог Ви доставуваме интерни процедури за: издавање на дозвола за експлоатација и дозвола за изведување на рударски работи по дополнителен рударски проект и за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања. Истите Ви ги доставуваме во работна верзија, бидејќи се во постапка на усогласување со последните измени на Законот за минерални суровини.**

2. Доставете ни информација за тоа кои сектори и/или одделенија ги издаваат наведените дозволи.

   - **Секторот за минерални суровини е надлежен сектор во Министерството за економија за вршење на работите од областа на минералните**

суровини. Во рамките на Секторот, за спроведување на постапката за издавање на дозвола за експлоатација и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект е надлежно Одделението за експлоатација и анализа на минерални суровини и заштита на животната средина, додека за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања надлежно е Одделението за геологија и геолошки истражувања.

3. Доставете ни го актот за систематизација на Министерството за економија.

- **Во прилог Ви доставуваме Правилник за систематизација на работните места и измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за економија и органот во состав Управа за наменско производство.**

4. Доставете ни информација за исполнетост (во проценти) на актот на систематизација по сектори во 2022 година.

- **Во продолжение Ви доставуваме исполнетост (во проценти) на актот за систематизација на работните места во Министерство за економија, по Сектори:**

- **Одделение за внатрешна ревизија – 50%**
- **Одделение за стратешко планирање – 100%**
- **Сектор за координација на активностите на министерот – 50%**
- **Сектор за управување со човечки ресурси – 57%**
- **Сектор за финансиски прашања – 48%**
- **Сектор за правни работи – 39%**
- **Сектор за европска интеграција – 40%**
- **Сектор за внатрешен пазар – 42%**
- **Сектор за меѓународно-трговска соработка – 52%**
- **Сектор за енергетика – 40%**
- **Сектор за минерални суровини – 50%**
- **Сектор за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност – 45%**

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

- **Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија (МСП) – 57%**
- **Сектор за туризам и угостителство – 64%**
- **Сектор за информатичка и комуникациска технологија – 41%**
- **Сектор за општи и заеднички работи – 42%**
- **Управа за наменско производство – орган во состав на Министерство за економија:**
- **Сектор за наменско производство и одбрамбени подготовки – 25%**

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ